**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр. 10-232/17 од 21.09.2016год.**
**Пробиштип**

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ” бр.53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,124/2010,51/2011,123/2012,93/2013, 183/2013,42/2014,44/15,129/15, 192/15и 39/16) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на РМ” бр.147/08 и 45/11 ) Градоначалникот на Општина Пробиштип

О Р Г А Н И З И Р А

1. *ЈАВЕН УВИД И ЈАВНА РАСПРАВА* по **Нацрт извештајот за стратегиска оцена за влијание на животната средина** од септември 2016 година.**за** Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за Спортско рекреативен туристички центар (СРТЦ) Пониква за дел од КП.бр.332/1 КО Јамиште ,делови од КП.бр.17,КП.бр.82 и КП.бр.83/1 КО Зеленград и во целост КП.бр.83/2 ,КП.бр.83/3 и КП.бр.83/5 КО Зеленград Општина Пробиштип.
2. Се информира јавноста дека е ставен на увид Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за Спортско рекреативен туристички центар (СРТЦ) Пониква КО Јамиште и КО Зелен град Општина Пробиштип, од септември 2016 година.
3. Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе биде изложен во соба број 7 , Одделение за урбанизам, при Општина Пробиштип, секој работен ден од 8,00 до 16,00 часот, почнувајќи **од 21.09.2016год. до 21.10.2016год.** (ул. Јаким Стојковски број 1, Пробиштип, во зградата на кино салата, на прво спрат). Исто така, Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е ставен на веб-страната на Општина Пробиштип: www.probistip.gov.mk
4. Заинтересираната јавност, правните и физичките лица, во текот на 30 дена од денот на објавувањето на споменатите документи, можат да доставуваат мислења во врска со Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и тоа во писмена форма до архивата на Општина Пробиштип, по пошта како и по електронски пат на адреса: urbanizam@probistip.gov.mk
5. **ЈАВНАТА РАСПРАВА** за Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за Спортско рекреативен туристички центар (СРТЦ) Пониква КО Јамиште и КО Зеленград Општина Пробиштип, ќе се одржи на **14.10.2016 година (петок) во 13.00 часот,** во Салата за седници на Советот на Општината, во Домот на културата во Пробиштип.
6. Сите заинтересирани страни поканети се да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење, забелешки и предлози во врска со Извештајот до Општината Пробиштип.

Изработил:Д.Давиткова
Одобрил: Б.Станојковски

Makedonski Telekom CA, DOSTANA DAVITKOVA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, DOSTANA DAVITKOVA
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP:4022005104678, serialNumber=CRT3509141, cn=DOSTANA DAVITKOVA
Date: 2016.09.22 12:16:15 +02'00'

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, serialNumber=CRT3503722, cn=Branko Stanojkovski
Date: 2016.09.22 12:22:59 +02'00'

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник,**
**Тони Тоневски**